РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна општинска установа за деца
-Детска градинка БИСЕРЧИЊА
Бр. 03-173/1
26.10.2021 год.
Зрновци

Архивски знак: 0307
Рок на чување: 10 год.
____20__ година Потпис,

Друштво за производство и трговија
КАМЕЛ 98 ДОО
Бр. 0505/56
26.10.2021 год.
Виница

# Д О Г О В О Р

Сукцесивна набавка на прехрамбени продукти за потребите на ЈОУДГ " Бисерчиња" с.Зрновци-Општина Зрновци за период од една година

Склучен на ден: 26.10.2021 год., помеѓу:

**1.ЈОУДГ "Бисерчиња" с.Зрновци, Општина Зрновци, ЕДБ-4053018500460 МБ 7271522, претставувана од Директор Верица Савева, како договорен орган и**

**2.Друштво за производство, трговија КАМЕЛ 98 ДОО Виница, ЕДБ-4005998103343, ЕМБС-5241022, претставувано од Управителот (Менаџерот), Жанета Бадаровска Ѓорѓиевска, како економски оператор.**

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

**Предмет на овој Договор е набавка на стоки –Сукцесивна набавка на прехрамбени продукти за потребите на ЈОУДГ "Бисерчиња"с.Зрновци-Општина Зрновци за период од една година , за:**

***Дел 7- Набавка на леб и бели пецива*** по техничка спецификација,

врз основа на спроведенета постапка за доделување на договор за јавна набавка со Барање за прибирање на понуди со објавување на Оглас бр. 16562/2021, која постапка се спроведе со користење на електронски средства преку на ЕСЈН,со користење на електронска аукција како последна фаза за доделување на договорот, за предмет на доделување на договор за набавка на стоки.

## ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на договорот за Дел 7 *Набавка на леб и бели пецива* – изнесува **124,400,00** денари без пресметан ДДВ.

ДДВ изнесува **6,220,00** денари.

Поединечната цена на секоја позиција е утврдена во понудата по барањето за прибирање понуди број 16562/2021.

Вкупната цена за извршување на предметните услуги ги опфаќа сите трошоци кои се потребни за реализација на овој договор.

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, освен ако корекцијата е поповолна за договорниот орган.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Договорот се склучува на определено време од 1 (една) година, сметано од денот на потпишувањето на истиот

## ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

**Член 4**

Економскиот оператор е должен да го испорача предметот на договорот во рок од три дена од денот на нарачка од страна на одговорното лице за вршење на нарачки кај договорниот орган за јавната набавка, на договорот на следнава локација ЈОУДГ „Бисерчиња„ Ул.„Илинденска„бб с.Зрновци-Општина Зрновци. Рокот и местото на испорака се задолжителни.

Дадените количини се максимални годишни количини и се ориентациони, со оглед на променливоста на бројот на децата во текот на една календарска година, во зависност од листата на јадења која исто така е променлива и сл, Договорниот орган не се обврзува дека во целост ќе ги превземе сите артикли, ниту пак дека ќе ги подигне количините во целост. Испораката на производите кои се предмет на набавка за потребите на ЈОУДГ „Бисерчиња„ Ул.„Илинденска„бб с.Зрновци-Општина Зрновци ќе започне по потпишувањето на Договорот и добивањето на нарачката од страна на Договорниот орган, сукцесивно по потреба.

## ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Во случај на доцнење на испорака на стоката предвидена во техничката спецификација, по вина на Економскиот оператор , Договорниот орган има право на надомест на штета и договорена казна – пенали, но не повеќе од 5% од вредноста на неиспорачаната стока предмет на овој Договор.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРА

**Член 6**

При изготвување на фактурата Економскиот оператор е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на Економскиот оператор, место, седиште, даночен број

-Број и датум на Договорот, по кој се извршува работата

-Стоките, дефинирани по елементи како во член 1 и член 2 од договорот

-Договорена цена согласно понудата и склучениот договор

-Вкупна цена

-Пресметка на ДДВ и Валута на плаќање

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Начин на плаќање е Вирмански до 30 календарски дена од денот на доставување на фактурата. Во прилог на фактурата економскиот оператор треба да достави испратница потпишана од двете страни за испорачаната стока.

## КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

**Член 8**

Квантитативен и квалитативен прием на примената стока врши договорниот орган со увид и контрола на лице место од двете договорни страни и во присуство на стручно лице. Испитувањето на квалитетот и квантитетот се врши визуелно уште со примопредавањето на договорените стоки.

**Член 9**

Договорниот орган може да изврши и дополнителни контроли на квалитетот на работите со дополнителни независни испитувања и контроли на квалитетот кај овластена институција доколку смета за потребно или се сомнева во квалитетот на примените стоки.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ

**Член 10**

Материјален недостаток постои ако:

-Стоките според понудата ги немаат потребните својства за намената за која се извршуваат,

-Стоката ги нема својствата и одликите што се договорени-пропишани во техничката спецификација,

-Кога Економскиот оператор вградил стока која не одговара на техничките карактеристики прифатени од негова страна.

**Член 11**

Доколку при испораката, Договорниот орган увиди дека доставената стока не се совпаѓа со стоката опишана во техничката спецификација може да бара економскиот оператор да ја исправи грешката и да ја замени стоката во рок од 1 ден

## ВИША СИЛА

**Член 12**

Договорниот орган и Економскиот оператор и изведувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Законот за облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот

## ОШТЕТУВАЊЕ

**Член 13**

Економскиот оператор е должен на Договорниот орган да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на предметната набавка, согласно Законот за Облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачите.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 14**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни се согласни да ги решаваат спогодбено, а доколку во тоа не успеат надлежен за нивно решавање да биде Основен суд Кочани.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 16**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, а особено доколку не го почитува договорениот рок на испорака на стоките другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок од три дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок од три дена, другата договорна страна, може да го раскине договорот, без отказен рок.

**Член 17**

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок, при што има право на надомест на штетата.

**Член 18**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна во писмена форма, без одлагање.

Договорот ќе се смета за раскинат со самото доставување на отказот.

**Член 19**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 20**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 21**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

## ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 22**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи, Законот за јавни набавки и позитивните прописи во Република Северна Македонија.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки.

**Член 24**

Овој договор е склучен во 4 (четири) идентични примероци од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ :**

| Економски оператор: | Договорен орган: |
| --- | --- |
| КАМЕЛ 98 ДОО-Виница | ЈОУДГ,,Бисерчиња,,с.Зрновци |
| Директор(менаџер) | Директор |
| Жанета Бадаровска-Ѓорѓиевска | Верица Савева |